Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), и член 11-а од Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот (број 02-2136/4 од 16.02.2010 и 02/3638/6 од 10.03.2010 година), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 24.03.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита

### Член 1

Како скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот а се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, во смисла на Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот, се утврдуваат следните лекови:

| | **АТС Код** | **Генеричко име, форма и јачина на лекот** |
|---|---|---|
| 1. | G03HA01 | Cyproterone tableti 50mg |
| 2. | H01BA02 | Desmopressin tableti 0,2 mg |
| 3. | J05AB04 | Ribavirin film oblozeni tableti/kapsuli 200mg |
| 4. | L04AA01 | Ciclosporin kapsuli 25mg |
| 5. | L04AA01 | Ciclosporin kapsuli 50mg |
| 6. | L04AA01 | Ciclosporin kapsuli 100mg |
| 7. | L04AA01 | Ciclosporin rastvor za oralna upotreba 100mg/ml |
| 8. | L04AA06 | Mycophenolic acid kapsuli 250mg |
| 9. | L04AA06 | Mycophenolic acid tableti/film oblozeni tableti 180mg |
| 10. | L04AA06 | Mycophenolic acid tableti/film oblozeni tableti 360mg |
| 11. | L04AA06 | Mycophenolic acid tableti/film oblozeni tableti 500mg |
| 12. | N02AA01 | Morphine podjazicni tableti –site registrirani jacini |

Здравствените установи аптеки се должни да ги фактурираат реализираните рецепти за лековите од член 1 на оваа одлука во посебна спецификација од фактурата за Фондот.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од денот на влегувањето во сила на Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот донесен на 10.03.2010 година.

**Број: 02 - 4320/**
**24.03.2010 год.**
**С к о п ј е**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Елена Трпковска**